ПОЛНОМОШНИЦИ

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието на Друштвото што ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име.
Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.

Со писменото известување се доставува и полномошното. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното. Писменото известување се доставува до архивската служба на Друштвото, или на е-маил адресата **akcioneri@replek.mk** . Образците на полномошното и известувањето за даденото полномошно се достапени за превземање од интернет страницата на Друштвото.

Согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошната од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржувањето на Собранието на акционери.